*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 41-7964/1
Датум: 01.10.2018
Скопје

Врз основа на Член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2018 година – точка 9 „Мој Карпош – моја картица" („Службен гласник на Општина Карпош" бр.18/2017, 4/2018 и 9/2018), Општина Карпош објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За пријавување на правни лица кои вршат дејности на територија на Општина Карпош, за учество во проектот „Мој Карпош - моја картичка"**

Од 01.10.2018 година (понеделник), Секторот за развој при Општина Карпош започнува со спроведување на проектот "Мој Карпош, моја картичка", со кој граѓаните на Општина Карпош ќе имаат можност да користат попусти и бенифиции кои ќе бидат обезбедени од страна на правните лица кои вршат дејност на територијата на Општина Карпош.

За таа цел објавуваме **јавен повик** на кој можат да се пријават сите заинтересирани правни лица од Општина Карпош кои сакаат да се вклучат во реализацијата на проектот со сопствена понуда на попусти за граѓаните.

Заинтересираните правни лица, потребно е:

- Да пополнат Барање за склучување на Меморандум за соработка во кое ќе биде наведена дејноста на правното лице, процентот на попуст и производите за кои истиот ќе важи,
- Да склучат Меморандум за соработка со Општина Карпош.

Постапката по поднесените барања како и склучувањето на Меморандумите за соработка ќе биде спроведено од страна на координаторот на проектот, Марко Петрушевски, секој работен ден (од понеделник до петок) од 07.30 до 15.30 часот во службените простории на Општина Карпош (втори кат на основното училиште „Лазо Трповски„ на ул. Драгиша Мишовиќ, задниот влез на Општината).

По склучување на меморандумите за соработка, правните лица ќе бидат навремено информирани за денот на отпочнување на реализација на проектот.

**НАПОМЕНА: При доаѓање на правното лице задолжително да се донесе печат од фирмата.**

За сите дополнителни информации, правните лица можат да се обратат кај координаторот на проектот: **Марко Петрушевски** (контакт тел. број 078 / 432 - 653)